Скопје, 07 декември 2020 година

# ЗАПИСНИК

## од петиот состанок на

## Националниот комитет за олеснување на трговијата

Петтиот состанок на Националниот комитет за олеснување на трговијата се одржа на 07 декември 2020 година преку видеоконференциска врска на зум платформата. Со состанокот претседаваше Билјана Додевска, државен советник во МЕ и член на Националниот комитет. На состанокот учествуваа сите поканети членови.

Националниот комитет на состанокот работеше по утврден дневен ред кој до членовите беше дистрибуиран по електронски пат 5 работни дена пред одржување на состанокот и кој беше усвоен без забелешки од присутните на состанокот (во прилог).

Воведното излагање го направи претседавачот Билјана Додевска која ги поздрави членовите и директорот на Царинска управа Ѓоко Танасоски кој на свое барање се вклучи во работата на Националниот комитет.

По однос на прватa точка од дневниот ред – Анализа од Стопанската комора на Македонија по спроведеното анкетно истражување за состојбите во врска со царинските формалности во февруари 2020, резиме на извешатајот даде претставникот на комората кој заклучи дека најкористен е коридорот X од економските субјекти и дека истите потврдуваат висока ефикасност на граничните формалности. Аализирани се 27 прашања и одговорите беа сублимирани според големина на компании и опфатот на работа во извозот и увозот.

Резултатите од спроведената анкета претставуваат основа за градење на заеднички ставови во насока за надминување на отворени прашања и проблеми на ова поле, како од страна на Стопанската комора на Македонија, така и од страна на надлежните државни органи и институции, пред се’ на Министерството за економија како претседавач со Комитетот за олеснување на трговијата, во креирање на нови мерки за елиминирање на трговските и царинските бариери, што е од интерес на бизнис заедницата во целина.

Директорот на ЦУ информираше дека системот на царината на граничните премини е стабилизиран, се следат електронски акцизните добра, извозот функционира безхартиено, а увозот е сеуште во рамки на пилот проект за безхартиено работење и се работи на надоградување и средување на тој дел. Станува збор за оперативен систем во

Национален комитет за олеснување на трговијата

текот на 2020 и со тоа треба значајно да ја подобри состојбата на работење на економските оператори согласно нивните препораки во анализата.

Претставникот на Макамтранс побара во евиденција на системот да се внесат билатерални странски дозволи и по однос на ова се предложи да се одржи посебен работен состанок на кој ќе учествуваат претставници од ЦУ, МТВ, МИОА и Макамтранс, во период од 21-25.12.2020г.

Согласно вторaта точка од дневниот ред, проблеми при подготовка на Одлуката за форми на извоз и увоз Билјана Д. информираше дека проблематичен е делот на тарифните броеви за отпад особено опасниот отпад. Претставникот на ЦУ Златко Ветеровски побара посериозен ангажман на Министерстовото за животна средина и просторно планирање, бидејќи цариниците на граничните премини воопшто немаат насоки за постапување со отпад и побара решавање на истото најдоцна до 31.12.2020, по што беше договорен посебен виртуелен состанок на кој ќе присуствуаат претставници од МЕ, ЦУ, МЖСПП на 21.12.2020 во 10 часот.

Во рамки на третата точка, претставници на КГХ Samuel Maher и Christer Andersson, проект поддржан од Светска Банка групацијата направија кратка презентација и уште еднаш потсетија на големото значење и олеснување на едношалтерскиот систем како една пристапна точка за сите натамошни работи.

Во оваа фаза станува збор за проект-мапирање на едношалтерски систем во Република Северна Македонија, кој потоа треба да развие патоказ за спроведување на единствен прозорец според Договорот за заем за Проект за олеснување на трговијата и транспортот од Западен Балкан.

Согласно четвртата точка од дневниот ред – Активности што се преземени за подготовка на проектот за мерење и објавување на просечното време на пропуштање на стоките преку граница, поддражан од Светска Банка –Групација во партнерство со НКОТ и ЦУ, Violane Konar-Leacy, претставникот на Меѓународната финансиска корпорација- СБ групација информираше дека соработката со ЦУ е отпочнати и штом се створат услови по пандемијата со Ковид 19 одприлика од пролет 2021г. до крајот на истата да се заврши проектот.

По однос на петата точка директорот на ЦУ потврди дека АЕО сертификатите на ниво на ЦЕФТА веќе се во функција и тој процес засега ги опфаќа Северна Македонија, Србија, Молдавија и Албанија.

По шестата точка од дневниот ред, претставникот на ЦУ Златко Ветеровски информираше за новиот проект за е-трговија каде за главен координатор е избрана Марина Арсовска од МЕ. Беше даден и краток бриф и за проектот со Кореа кој го опфаќа целокупното царинско работење во Северна Македонија.

Во однос на <u>седмата точка</u> директорот на ЦУ кратко информираше за проектот Е-царина кој во однос на увозот е комплетно имплементиран и целокупниот увоз е безхартиен, додека во делот на извозот посочи дека сеуште е пилот проект и побара коморите да сугерираат до своите економски оператори да се вклучаат во овој проект за заедно да го направат овој систем максимално функционален кој додека е сеуште во фаза имплементација да се отстранат сите аномалии. Билјана Д. побара СКМ и ЦУ да подготват Акциски план на активности за виртуелни семинари, едукации, тимски обуки. Останатите комори да се вклучат во планот.

По <u>осмата точка</u> – Новите алтернативни правила за потекло и ревизија на ПЕМ конвенцијата, ја наметна потребата од ревизија на сите Договори за слободна трговија и БРЕГЗИТ. Редовно се одржуваат работилници со коморите за запознавање со правилата.
Билјана Д. информира дека активно се работи на изман на тековните протоколи за потекло на стоката во рамки на договорите за слободна трговија со Украина, ЕУ, ЕФТА и набрзо ќе започнат активностите со Турција. Во однос на ЦЕФТА новите правила за потекло на стоката ќе започнат да се применуваат од 1 јули 2021 година.

<u>Деветтата точка</u>, членот од ЦУ даде образложение на потребата од измени и дополнувања на законот за царинска тарифа. Најпрво треба да се направи анализа на постоечките применливи царински стапки на царинските тарифи за нивно усогласување и евентуално намалување односно прилагодување со царинските тарифи на ниво на ЕУ. Според обврски на РСМ во СТО зголемување на царинската стапка на царинските тарифи не е дозволено, може само да се усогласи со онаа на ЕУ пред пристапување на РСМ во ЕУ или на датумот на пристапување. За таа цел, ќе се формира оперативна работна група во соработка со бизнис секторот да ја подготват анализата во текот на 2021.

Во врска со <u>десеттата точка</u>, членовите беа запознаени со за ЦЕФТА Поткомитетот каде претседавач е македонската царина. За бизнис секторот битно е да се овозможи слободно движење на стоки, е-трговија, целосна застапеност на МСП во електронскиот систем на извоз и увоз, како и проширување на договорите за слободна трговија со медитеранските земји.

Во завршниот дел од состанокот, претседателот на Националниот Комитет информира дека следниот состанок се планира за април 2021 година, на кој ќе се разгледуваат предллог-заклучоци од Извештајот за работата на Националниот комитет, кој потоа ќе се достави до ВРСМ на разгледување и усвојување.